# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД



| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | О Х Р И Д<br>17.06.2024 год.<br>БРОЈ 4 ГОДИНА 59 |
|---|---|



## С О Д Р Ж И Н А



| Реден број | Име на актот | Страна |
|---|---|---|
| **1.** | Одлука за давање согласност на Одлуката за распределба на добивката остварена во работењето на ЈП Водовод Охрид за период 01.01. - 31.12.2023 година. | **3** |
| **2.** | Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници, давателите на услуги и помошно техничките лица на ЈП „Градски гробишта“ - Охрид. | **4** |
| **3.** | Одлука за давање согласност на Одлуката за отпис, расходување и отуѓување на погребална опрема на ЈП „Градски гробишта“ - Охрид. | **6** |
| **4.** | Одлука за давање согласност на Одлуката за продажба на движни ствари - возила по пат на електронско јавно наддавање на ЈП „Градски гробишта“ - Охрид. | **8** |
| **5.** | Одлука за давање согласност на Одлуката на Училишниот одбор на ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“ - Охрид за усвојување на Извештајот на Комисијата за недвижни и движни ствари. | **10** |
| **6.** | Одлука за усвојување на Елаборатот за проценка на штети од град во општина Охрид на ден 24.06.2023 година. | **11** |
| **7.** | Ззаклучок за усвојување на Информацијата за Физибилити студијата за развој на касарна Охрид во технолошко-рекреативна зона. | **22** |
| **8.** | Одлука за поставување урбана опрема и времени објекти и за утврдување на висината на надоместокот (закупнина) за 2024 година во општина Охрид. | **23** |
| **9.** | Одлука за утврдување на почетна цена за поставување на урбана опрема рекламни паноа - билборди и информативни табли на канделабри. | **27** |
| **10.** | Одлука за поставување урбана опрема - покриени и непокриени шанкови со локации на подрачјето на општина Охрид за периодот 2024 - 2027 година. | **28** |
| **11.** | Одлука за поставување урбана опрема - рекламни паноа - билборди и | **31** |

| | | |
|---|---|---|
| | информативни табли на канделабри на подрачјето на општина Охрид за периодот 2024 - 2029 година. | |
| **12.** | Програма за измени и дополнувања на развојната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид за 2024 - 2026 година. | **33** |
| **13.** | Одлука за утврдување Нацрт - ДУП за УЗ 12, УБ 12.3-опфат 2, Општина Охрид, 2022 - 2027. | **35** |
| **14.** | Одлука за донесување техничка исправка на Детален урбанистички план Урбана заедница 8 Урбан Блок 8.2 - Охрид, Општина Охрид, за ГП 11.3 на КП 11395/1 во КО Охрид 2 / УЕ 8 УБ 8.2 - Охрид / Блок 11, Општина Охрид. | **36** |
| **15.** | Одлука за донесување урбанистички проект со план за парцелација за промена на границата на ГП 6.5, ГП 6.6 и ГП 6.7 во ДУП за УЗ 10 и УЗ 11, УБ 10.4 и УБ 11.1 Влашка Маала и Градинар, општина Охрид. | **37** |
| **16.** | Одлука за донесување урбанистички проект со план за парцелација за ГП 3.71, ГП 3.72 и ГП 3.73 во ДУП за 6-та Урбана заедница, УБ 6.2 опфат 1 во КО Охрид 2, општина Охрид. | **39** |
| **17.** | Јавна објава | **40** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКАТА ОСТВАРЕНА ВО РАБОТЕЊЕТО НА ЈП ВОДОВОД ОХРИД ЗА ПЕРИОД 01.01. - 31.12.2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на Одлуката за распределба на добивката остварена во работењето на ЈП Водовод Охрид за период 01.01. - 31.12.2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 16.04.2024 година.

**Број 09- 4478/20**
**16.04.2024 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/2014, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19 и 89/2022), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 16.04.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКАТА ОСТВАРЕНА ВО РАБОТЕЊЕТО НА ЈП ВОДОВОД ОХРИД ЗА ПЕРИОД 01.01. - 31.12.2023 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за распределба на добивката остварена во работењето на ЈП Водовод Охрид за период 01.01. - 31.12.2023 година, донесена од Управниот одбор на ЈП Водовод Охрид бр.02-592/5 од 13.03.2024 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-4478/3**
**16.04.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

**Бр. 02-592/5**
**13.03.2024г.**

Врз основа на член 20 од Статутот, Управнот одбор на ЈП „Водовод“ Охрид на седницата одржана на ден 13.03.2024 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКАТА ОСТВАРЕНА ВО РАБОТЕЊЕТО НА ЈП ВОДОВОД ОХРИД ЗА ПЕРИОД 01.01. - 31.12.2023 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ ДОНЕСУВА** Одлука за распределба на добивката од работењето на ЈП Водовод Охрид за период 01.01. - 31.12.2023 година, утврдена во Годишната сметка и Годишниот извештај за работењето на ЈП Водовод Охрид за период 01.01.2023 до 31.12.2023 година.

**Член 2**

Добивката во износ од 3.554.501,51 денари се распределува во акумулирана добивка.

**Член 3**

Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

**Управен одбор**
**Претседател**
**Мите Костески,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ, ДАВАТЕЛИТЕ НА УСЛУГИ И ПОМОШНО ТЕХНИЧКИТЕ ЛИЦА НА ЈП „ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ - ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници, давателите на услуги и помошно техничките лица на ЈП „Градски гробишта“ - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 16.04.2024 година.

**Број 09- 4478/21**
**16.04.2024 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/2014, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19 и 89/2022), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 16.04.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ, ДАВАТЕЛИТЕ НА УСЛУГИ И ПОМОШНО ТЕХНИЧКИТЕ ЛИЦА НА ЈП„ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ - ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници, давателите на услуги и помошно техничките лица на ЈП „Градски гробишта“ - Охрид, донесена од Управниот одбор на ЈП „Градски гробишта“ - Охрид бр.02-288/4 од 21.03.2024 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-4478/4**
**16.04.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 19 од Статутот на ЈП Градски Гробишта Охрид, а во врска со член 116 од Колективниот договор на јавното претпријатие, Управниот одбор на седницата одржана на ден 21.03.2024 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**Член 1**

Вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници, која е и вредност за давателите на услуги и помошно техничките лица, во ЈП Градски Гробишта Охрид изнесува 49,50 денари бруто вредност.

**Член 2**

Вредност на бодот се утврдува согласно Законот за административни службеници и Колективниот договор на јавното претпријатие.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на добивање согласност од Советот на општина Охрид.

**Управен Одбор на ЈП Градски Гробишта**
**Претседател,**
**Јован Бојчовски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТПИС, РАСХОДУВАЊЕ И ОТУЃУВАЊЕ НА ПОГРЕБАЛНА ОПРЕМА НА ЈП „ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ - ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на Одлуката за отпис, расходување и отуѓување на погребална опрема на ЈП „Градски гробишта“ - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 16.04.2024 година.

**Број 09- 4478/22**
**16.04.2024 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/2014, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19 и 89/2022), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 16.04.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТПИС, РАСХОДУВАЊЕ И ОТУЃУВАЊЕ НА ПОГРЕБАЛНА ОПРЕМА НА ЈП„ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ - ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за отпис, расходување и отуѓување на погребална опрема на ЈП „Градски гробишта“ - Охрид, донесена од Управниот одбор на ЈП „Градски гробишта“ - Охрид бр.02-393/4 од 08.04.2024 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-4478/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**16.04.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 19 од Статутот на ЈП Градски Гробишта Охрид Управниот Одбор на јавното претпријатие ја донесе следната :

**ОДЛУКА**
**ЗА ОТПИС , РАСХОДУВАЊЕ И ОТУЃУВАЊЕ НА ПОГРЕБАЛНА ОПРЕМА**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши отпис , расходување и отуѓување на погребална опрема во сопственост на ЈП Градски Гробишта Охрид

**Член 2**

Отписот , расходувањето и отуѓувањето се врши врз основа на предлогот на Комисија за попис на погребална опрема во сопственост на ЈП Градски Гробишта Охрид содржан во Извештајот за извршен попис на погребална опрема бр. 03-331/2 од 05.04.2024 год. и спецификацијата која е содржана во него.

**Член 3**

Управниот Одбор се согласува во целост со предлогот на Комисијата за попис на погребална опрема дел од погребалната опрема да се расходува и уништи поради физичка неупотребливост, дел да се отуѓи – продаде по пат на електронска аукција согласно закон.

**Член 4**

Одлуката стапува во сила по добивањето согласност од страна на Советот на општина Охрид.

**Управен Одбор на ЈП Градски Гробишта**
**Претседател,**
**Бојчовски Јован,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОДАЖБА НА ДВИЖНИ СТВАРИ - ВОЗИЛА ПО ПАТ НА ЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ НА ЈП „ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ - ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на движни ствари - возила по пат на електронско јавно наддавање на ЈП „Градски гробишта“ - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 16.04.2024 година.

**Број 09- 4478/23** **ОПШТИНА ОХРИД**
**16.04.2024 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/2014, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19 и 89/2022), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 16.04.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОДАЖБА НА ДВИЖНИ СТВАРИ - ВОЗИЛА ПО ПАТ НА ЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ НА ЈП„ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ – ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за продажба на движни ствари - возила по пат на електронско јавно наддавање на ЈП „Градски гробишта“ - Охрид, донесена од Управниот одбор на ЈП „Градски гробишта“ - Охрид бр.02-393/5 од 08.04.2024 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-4478/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**16.04.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на Одлуката за отпис и расходување на основни средства и ситен инвентар бр.02-179/6 од 16.02.2024 год. во сопственост на ЈП Градски Гробишта Охрид , Извештајот за извршена процена на вредност на транспортни средства бр. 03-369/1 од 14.03.2024 год. изготвен од „ Проценка ДООЕЛ Охрид, во врска со член 19 од Статутот на ЈП Градски Гробишта Охрид Управниот Одбор на јавното претпријатие ја донесе следната :

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРОДАЖБА НА ДВИЖНИ СТВАРИ- ВОЗИЛА- ПО ПАТ НА ЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ**

**Член 1**

Предмет на продажба се:

1. Патничко моторно возило тип „ Мерцедес Бенз Вито “ 108 ЦДИ КА 27/30
2. Патничко моторно возило тип „ Волксваген Транспортер „70 ХДА
3. Зглобен трактор „ Томо Винковиќ „ тип ТВ ,произведен пред 2000 год.

**Член 2**

Продажбата се врши врз основа на предлогот на Комисија за попис на основни средства, возила и ситен инвентар за отпис и расходување на алати за работа, ситен инвентар и возила во сопственост на ЈП Градски Гробишта Охрид содржан во Извештајот од Централната пописна комисија бр.05-44/4 од 15.01.2024 год. за извршениот попис на средства и обврски со состојба на ден 31.12.2023 год. поради нивна дотраеност и неупотребливост, а во постапка согласно Закон.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила по добивање на согласност од Совет на општина Охрид.

**Управен Одбор на ЈП Градски Гробишта**
**Претседател,**
**Бојчовски Јован,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА ОЕМУЦ „СВ. НАУМ ОХРИДСКИ“ - ОХРИД ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ НА КОМИСИЈАТА ЗА НЕДВИЖНИ И ДВИЖНИ СТВАРИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на Одлуката на Училишниот одбор на ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“ - Охрид за усвојување на Извештајот на Комисијата за недвижни и движни ствари, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 16.04.2024 година.

**Број 09- 4478/24**
**16.04.2024 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 16.04.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА ОЕМУЦ “СВ. НАУМ ОХРИДСКИ“ - ОХРИД ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ НА КОМИСИЈАТА ЗА НЕДВИЖНИ И ДВИЖНИ СТВАРИ**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката на Училишниот одбор на ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“ - Охрид за усвојување на Извештајот на Комисијата за недвижни и движни ствари бр.02-1273/5 од 29.12.2023 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-4478/7**
**16.04.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ЕЛАБОРАТОТ ЗА ПРОЦЕНКА НА ШТЕТИ ОД ГРАД ВО ОПШТИНА ОХРИД НА ДЕН 24.06.2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Елаборатот за проценка на штети од град во општина Охрид на ден 24.06.2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 16.04.2024 година.

**Број 09- 4478/25** **ОПШТИНА ОХРИД**
**16.04.2024 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 143 од Законот за заштита и спасување („Сл.весник на РМ“ бр.26/2004, 86/2008, 124/2010, 18/2011, 41/2014), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 16.04.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ЕЛАБОРАТОТ ЗА ПРОЦЕНКА НА ШТЕТИ ОД ГРАД ВО ОПШТИНА ОХРИД НА ДЕН 24.06.2023 ГОДИНА**

**Член 1**

Се усвојува Елаборатот за проценка на штети од град во општина Охрид на ден 24.06.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-4478/8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**16.04.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

**ЕЛАБОРАТ**
**За процена на штети од град**
**во општина Охрид**

***Општ дел***

Дел од потесното подрачје на општина Охрид, на ден 24.06.2023 година го зафати елементарна непогода пороен дожд проследена со град при што беа причинети штети на долгогодишни земјоделски култури.

***Предмет на елаборатот***

Предмет на овој Елаборат е процена на штетата настаната од пороен дожд и град на 24 јуни 2023 година, согласно барања за процена на 425 физички лица, за катастарски парцели во катастарски општини на населени места во Охрид и селата Долно Лакочереј, Горно Лакочереј, Велгошти, Лескоец, Косел, Ливоишта, Пештани, Рамне, Коњско, Велестово, Елшани, Љубаништа, Вапила и Речица и едно правно лице за катастарска општина Долно Лакочереј.

Изработувач на Елаборатот е Комисијата за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и други несреќи, формирана со Одлука на Совет на општина Охрид бр.08-653/11 од 31.01.2022 година.

Елаборатот е изработен согласно Единствената методологија за процена на штети од елементарни и други непогоди, ( Сл.Весник на РМ бр.181/21 ) и врз основа на поединечните проценки за секоја парцела. Елаборатот ги изнесува збирните резултати за проценетата штета на земјоделските култури, како и причините, големината и последиците од штетите. Комисијата процената и утврдувањето на висината на штетата ја изврши врз основа на поднесените барања од оштетените субјекти во општината, со непосредно излегување на терен и директен увид.

Применетите цени во процената се согласно ценовниците на Земјоделскиот пазарен информативен систем за земјоделски култури во периодот кога е вршена процената. Количините се согласно податоците изразени во Статистичкиот годишник на РСМакедонија за 2023 година.

***Вид, карактеристики и причини за штетите***

Причина за настанатите штети се појавата на природна непогода град -06, согласно Единствената методологија за процена на штети од елементарни и други непогоди.

Под дејство на градот настанато е оштетување и е предизвикана материјална штета врз земјоделските култури и овошни насади.

***Големина на зафатено подрачје***

До Комисијата поднесени се барања за процена на катастарски парцели за настанати штети и тоа:

- Катастарска општина Долно Лакочереј вонград
- Катастарска општина Горно Лакочереј вонград
- Катастарска општина Велгошти
- Катастарска општина Охрид 4
- Катастарска општина Лескоец

- Катастарска општина Косел
- Катастарска општина Коњско
- Катастарска општина Велестово
- Катастарска општина Елшани
- Катастарска општина Пештани
- Катастарска општина Рамне
- Катастарска општина Љубаништа
- Катастарска општина Ливоишта
- Катастарска општина Вапила
- Катастарска општина Речица

Од 424 барања за штети настанати на земјоделски површини, од физички лица и едно од правно лице, на повеќе катастарски општини. Степенот на оштетување по култури и катастарски општини е различен и се движи од 20 – 70 %.

Комисијата изврши увед на сите катастарски парцели за кои е побарано процена и согласно Единствената методологија изготви процена на износот на причинета штета со вкупен износ од :

- 113.174.115,40 Средства во сопственост на физички лица
- 2.976.173,20 Средства во сопственост на правни лица

КО Горно Лакочереј

За КО Г.Лакочереј поднесени се 73 пријави за процена на штета на земјоделски култури со проценета штета од 27.853.811,90 ден. за штета во сопственост на физички лица за насади од јаболка, цреши, сливи, круши, бадем, лешник, орев, пченица и лозје.

КО Долно Лакочереј

За КО Д.Лакочереј поднесени се 104 пријави за процена на штета на земјоделски култури со проценета штета од 44.407.425,90 ден. за штета во сопственост на физички лица за насади од цреши, јаболка, ореви, сливи, праски, кајсии, круши, јачмен, пченица и лозје.

Поднесена е една пријава од правен субјект за насади од цреши каде проценетата штета изнесува 2.976.173,20 ден.

КО Велгошти

За КО Велгошти поднесени се 42 пријави за процена на штета на земјоделски култури со проценета штета од 3.778.713,50 ден. за штета во сопственост на физички лица за

насади од цреши, јаболка, ореви, сливи, праски, кајсии, круши, лешник, аронија, зелка, јагоди и лозје.

КО Косел

За КО Косел поднесени се 29 пријави за процена на штета на земјоделски култури со проценета штета од 12.097.694,90 ден. за штета во сопственост на физички лица за насади од цреши, јаболка, ореви и сливи.

КО Лескоец

За КО Лескоец поднесени се 67 пријави за процена на штета на земјоделски култури со проценета штета од 9.615.979,40 ден. за штета во сопственост на физички лица за насади од цреши, круши, праски, сливи, ореви, јагоди, јаболка и лозје.

КО Вапила

За КО Вапила поднесени се 2 пријави за процена на штета на земјоделски култури со проценета штета од 339.666,60 ден. за штета во сопственост на физички лица за насади од цреши и лозје.

КО Речица

За КО Речица поднесена е 1 ( една ) пријава за процена на штета на земјоделски култури со проценета штета од 14.414,40 ден. за штета во сопственост на физички лица за насади од цреши.

КО Рамне

За КО Рамне поднесена е 1 ( една ) пријава за процена на штета на земјоделски култури со проценета штета од 120.340,50 ден. за штета во сопственост на физички лица за насади од јаболка и ореви.

КО Велестово

За КО Оровник поднесени се 14 пријави за процена на штета на земјоделски култури со проценета штета од 765.717,20 ден. за штета во сопственост на физички лица за насади од јаболка, кајсии, цреши, круши, лешник и лозје.

КО Охрид 4

За КО Охрид 4 поднесени се 103 пријави за процена на штета на земјоделски култури со проценета штета од 15.114.120,40 ден. за штета во сопственост на физички лица за насади од јаболка, кајсии, цреши, круши, ореви, лешник, лозје, јачмен и пченка.

КО Елшани

За Елшани поднесени се 9 пријави за процена на штета на земјоделски култури со проценета штета од 336.905,60 ден. за штета во сопственост на физички лица за насади од јаболка и лозје.

КО Коњско

За Елшани поднесени се 11 пријави за процена на штета на земјоделски култури со проценета штета од 976.503,30 ден. за штета во сопственост на физички лица за насади од јаболка и лозје.

КО Ливоишта

За Ливоишта поднесени се 2 пријави за процена на штета на земјоделски култури со проценета штета од 159.171,00 ден. за штета во сопственост на физички лица за насади од лешник и лозје.

КО Пештани

За КО Пештани поднесени се 2 пријави за процена на штета на земјоделски култури со проценета штета од 61.642,00 ден. за штета во сопственост на физички лица за насади од ореви и лозје.

КО Љубаништа

За КО Љубаништа поднесена е 1 ( една ) пријава за процена на штета на земјоделски култури со проценета штета од 508.128,00 ден. за штета во сопственост на физички лица за насади од јаболка, кајсии и цреши.

Збирните резултати за проценетите штети по видови на култури, површини, очекуван принос, цени и вредност во денари на ниво на општина Охрид, согласно Упатството на Единствената методологија се искажани во посебни табели кои се во прилог на Елаборатот, дадени на усвојување на Советот на Општина Охрид и со кој предлагаме Владата на РСМ да додели помош на барањата во износ од 116.150.288,60 ден.

***Завршен дел***

Процената на штети од невремето на 24.06.2023 година ја изготвува општинската Комисија за процена и утврдување на висината на штета настаната од природните непогоди и други несреќи, со одлука на Совет на општина Охрид бр. 08-653/11 од 30.01.2022 година.

Елаборатот го разгледува и усвојува Советот на општина Охрид и истиот се доставува до државната комисија за процена и утврдување нависина на штети настанати од природни непогоди при Министертвото за финансии и до Влада на РСМ.

Составен дел на Елаборатот се табеларните прегледи и тоа:

- Табела 1
- Табела 2
- Табела 3
- Табела 4

Образец:

- Ш – 03
- Ш – 08

Прилог табели:

Табела 1

Збирен преглед на штети по видови, средства и сопственост

Територија: Општина Охрид Причина на штетата и година: 06 –град, 2023 година

| | Вкупна штета | | | На средства на деловни субјекти | | | На средства сопственост на граѓани | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | вкупно | На оштетени средства | На уништетени средства | вкупно | На оштетени средства | На уништени средства | вкупно | На оштетени средства | На уништени средства |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | / |
| Вкупно | 113.174.115,40 | / | / | / | / | / | 113.174.115,40 | 113.174.115,40 | / |
| Земјиште | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Градежни објекти | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Опрема | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Обртни средства | 113.174.115,40 | / | / | / | / | / | 113.174.115,40 | 113.174.115,40 | / |

Табела 2

Преглед на штети по области

Територија: Општина Охрид Причина на штетата и година: 06 –град, 2023 година

| НКД рев.2 сектор | Број на единиците | Вкупна штета ( 4 + 5+6 + 7 ) | Штети на средства | | Трошоци | Штети заради намалено производство или неостварен приход |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | оштетени | Уништени | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Вкупно | 425 | 116.150.288,60 | 116.150.288,60 | | | |
| А.Земјоделство, шумарство и рибарство | 425 | 116.150.228,60 | 116.150.288,60 | | | |

Табела 3

Преглед на штети по деловни субјекти

Територија: Општина Охрид Причина на штетата и година: 06 –град, 2023 година

| Назив и место на правното лице | Вкупна штета ( 3+4+5+6 ) | Штети на средствата | | Трошоци | Штети заради намалено производство или неостварен приход |
|---|---|---|---|---|---|
| | | оштетени | уништени | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Градинар Ад | 2.976.173,20 | 2.976.173,20 | | | |
| Вкупно: | 2.976.173,20 | 2.976.173,20 | | | |

Табела 4

Преглед на штети по месни заедници и по сопственост

Територија: Општина Охрид Причина на штетата и година: 06 –град, 2023 година

| | Вкупна штета | | | На средства на деловни субјекти | | | На средства сопственост на граѓани | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | вкупно | На оштетени средства | На уништетени средства | вкупно | На оштетени средства | На уништени средства | вкупно | На оштетени средства | На уништени средства |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| Вкупно | | | | | | | | | |
| Охрид 4 | 15.114.120,40 | 15.114.120,40 | | | | | 15.114.120,40 | 15.114.120,40 | |
| Долно Лакочереј | 44.407.425,90 | 44.407.425,90 | | 2.976.173,20 | 2.976.173,20 | | 41.431.252,70 | 41.431.252,70 | |
| Горно Лакочереј | 27.853.811,90 | 27.853.811,90 | | | | | 27.853.811,90 | 27.853.811,90 | |
| Вапила | 339.666,60 | 339.666,60 | | | | | 339.666,60 | 339.666,60 | |
| Велгошти | 3.778.713,50 | 3.778.713,50 | | | | | 3.778.713,50 | 3.778.713,50 | |
| Косел | 12.097.694,90 | 12.097.694,90 | | | | | 12.097.694,90 | 12.097.694,90 | |
| Лескоец | 9.615.979,40 | 9.615.979,40 | | | | | 9.615.979,40 | 9.615.979,40 | |
| Рамне | 120.340,50 | 120.340,50 | | | | | 120.340,50 | 120.340,50 | |
| Речица | 14.414,40 | 14.414,40 | | | | | 14.414,40 | 14.414,40 | |
| Пештани | 61.642,00 | 61.642,00 | | | | | 61.642,00 | 61.642,00 | |
| Елшани | 336.905,6 | 336.905,6 | | | | | 336.905,6 | 336.905,6 | |
| Љубаништа | 508.128,00 | 508.128,00 | | | | | 508.128,00 | 508.128,00 | |
| Ливоишта | 159.171,00 | 159.171,00 | | | | | 159.171,00 | 159.171,00 | |
| Велестово | 765.717,20 | 765.717,20 | | | | | 765.717,20 | 765.717,20 | |
| Коњско | 976.503,30 | 976.503,30 | | | | | 976.503,30 | 976.503,30 | |

Процена на штета од 06 Образец Ш-03

Реден бр. на образецот 1

Штети на други средства и добра

1. Податоци за единица за која се врши процена

а) Назив на правно лице: Градинар –Друштво за земјоделско производство, преработка и промет увоз-извоз Охрид АД

Име и презиме на сопственикот: Јордан Буџакоски

б) Матичен број на правното лице: 4008456

ЕМБГ на сопственикот: 1607965430005

Реден број на единицата во нејзин состав

в) Облик на организирање: 05.5 – акционерско друштво

г) Општина: Охрид

Населено место: Долно Лакочереј

Месна заедница

Улица и број: ул.„7-ми Ноември“ бб

д)Дејност според НХД Рев.2 ( класа ) : 01.24 – одгледување на јаболчесто и коскесто овошје

| Ред.бр | Вид и назив на средствата | шифра | Единица мера | количина | | Штета во илјади денари | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Оштетени средства | Уништени средства | Оштетени средства | Уништени средства |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| I | Средства во сопственост на правни лица | | | | | | |
| 1 | земјиште | 0100 | ha | | | | |
| 2 | Долгогодишни насади | | | | | | |
| 3 | Шуми и дивеч | 4100 | Ha | | | | |
| 4 | Добидочен фонд, пчелни семсјства, Живина и риби | 5910 | грла | | | | |
| 5 | Обртни средства | 6100 | Илјади денари | | | | |
| | овошје | 6370 | тони | 163,56 | | 2.976 | |
| | грозје | 6380 | тони | | | | |
| II | Средства и добра во сопственост на | | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | физички лица | | | | | | |
| 6 | Опрема | 2400 | парчиња | | | | |
| 7 | Добра во домаќинството | 7210 | парчиња | | | | |
| 8 | Други добра | 9600 | Илјади денари | | | | |
| 9 | Штети заради намалено производство или неостварен приход | | | 163.56 | | 2.976 | |

1) Ги опфаќа штетите 2300-2500

| Табела 2. Количини на оштетени и уништени средства и проценети штети ( продолжение на Ш-03 ) | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред. Бр. | Вид и назив на средствата | шифра | Единица на мера | количество | | Цена | Износ на штетата во денари | |
| | | | | Оштетени средства | Уништени средства | | Оштетени средства | Уништени средства |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| 1 | цреши | 6370 | t | 163,56 | | 91,00 | 2.976.173,00 | |

Процена на штета од 06 Образец Ш-07

Реден бр. на образецот 1

Преглед на проценетите штети во правните лица

2. Податоци за единица за која се врши процена

а) Назив на правно лице: Градинар –Друштво за земјоделско производство, преработка и промет увоз-извоз Охрид АД

Име и презиме на сопственикот: Јордан Буџакоски

б) Матичен број на правното лице: 4008456

ЕМБГ на сопственикот: 1607965430005

Реден број на единицата во нејзин состав

в) Облик на организирање: 05.5 – акционерско друштво

г) Општина: Охрид

Населено место: Долно Лакочереј

Месна заедница

Улица и број: ул.„7-ми Ноември“ бб

д)Дејност според НХД Рев.2 ( класа ) : 01.24 – одгледување на јаболчесто и коскесто овошје

2. Причина на штетата и година: 06 –град, 2023 година

| | Вкупно проценета штета | штета | |
|---|---|---|---|
| | | оштетени | уништени |
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| Вкупно | 2.976.173,20 | 2.976.173,20 | |
| Земјиште | | | |
| Градежни објекти | | | |
| Долгогодишни насади | | | |
| Шуми и дивеч | | | |
| Добиточен фонд, пчелни семејства, живина и риба | | | |
| Обртни средства | 2.976.173,20 | 2.976.173,20 | |
| Културни блага | | | |
| Други средства | | | |
| Трошоци предизвикани од штети | | | |
| Штети заради намалено производство или неостварен приход | | | |
| Во тековната год. | | | |
| Во наредната год. | | | |

Процена на штета од 06 Образец Ш – 8

Реден бр. на образецот:

**Просечни цени за процена на штета**

| Ред.бр. | Назив на позицијата на работа, материјалот и др. | Единица мера по стебло | Просечна цена кг/ден. |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | цреши | кг | 91,00 |
| 2. | Јаболка | кг | 27,00 |
| 3. | Праски | кг | 55,00 |
| 4. | Сливи | кг | 47,00 |
| 5. | Грозје | кг | 13,00 |
| 6. | Круши | кг | 77,00 |
| 7. | Лешник | кг | 180,00 |
| 8. | Ореви | кг | 170,00 |
| 9. | Кајсија | кг | 70,00 |
| 10. | пченица | кг | 10,00 |
| 11. | пченка | кг | 12,00 |
| 12. | аронија | кг | 102,00 |
| 13. | зелка | кг | 23,00 |
| 14. | јагоди | кг | 50,00 |
| 15. | јачмен | кг | 9,00 |
| 16. | бадем | кг | 180,00 |
| 17. | малини | кг | 199,00 |

Напомена: податоците се добиени од просечни приноси за последните 3 години добиени од Заводот на статистика и просечни цени на Земјоделскиот пазарен информативен систем во периодот на увид на катастарските парцели за кои беше побаран надомест на штети.

Комисија

1. Томе Наневски - дипл.гр. инг
2. Никола Лиотоски - геодет
3. Здравко Петрески – дипл.ел. инг
4. Трајан Љаткоски - дипл.шум.инг
5. Вера Рауник - дипл.инг.агр

РЕКАПИТУЛАЦИЈА

На пресметани штети од појава на 06 - град

1. Овошни насади
   - Сопственост на физички лица 113.174.115,40
   - Сопственост на правни лица 2.976.173,20

--------------------------------------------------------------------------------------

Вкупно: 116.150.288,60

**Број 08-4478/9**
**16.04.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА ФИЗИБИЛИТИ СТУДИЈАТА ЗА РАЗВОЈ НА КАСАРНА ОХРИД ВО ТЕХНОЛОШКО-РЕКРЕАТИВНА ЗОНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Заклучокот за усвојување на Информацијата за Физибилити студијата за развој на касарна Охрид во технолошко-рекреативна зона, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 16.04.2024 година.

**Број 09- 4478/26**
**16.04.2024 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 16.04.2024 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА ФИЗИБИЛИТИ СТУДИЈАТА ЗА РАЗВОЈ НА КАСАРНА ОХРИД ВО ТЕХНОЛОШКО - РЕКРЕАТИВНА ЗОНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Информацијата за Физибилити студијата за развој на касарна Охрид во технолошко-рекреативна зона.

**Член 2**

Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-4478/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**16.04.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА И ВРЕМЕНИ ОБЈЕКТИ И ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ (ЗАКУПНИНА) ЗА 2024 ГОДИНА ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за поставување урбана опрема и времени објекти и за утврдување на висината на надоместокот (закупнина) за 2024 година во општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 16.04.2024 година.

**Број 09- 4478/27** **ОПШТИНА ОХРИД**
**16.04.2024 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 82 од Законот за градежно земјиште („Сл.весник на РМ“ бр.15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016, 190/2016 и 275/2019) и врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ” бр.5/02), член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид” бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), а во врска со Програмата за поставување на урбана опрема во општина Охрид и Програмата за поставување времени објекти во општина Охрид, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 16.04.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА И ВРЕМЕНИ ОБЈЕКТИ И ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ (ЗАКУПНИНА) ЗА 2024 ГОДИНА ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа одлука се определува: начинот за добивање право за поставување на урбана опрема и времени објекти на подрачјето на општина Охрид, временскиот период за нивно поставување и висината на надоместокот за поставување на урбаната опрема и времените објекти.

**Член 2**

Бројот, видот, големината на урбаната опрема како и локациите на кои може да се постави истата се утврдени согласно Програмата за поставување на урбана опрема, на територијата на општина Охрид.

Локациите, намената и површините на времените објекти се утврдени согласно Програмата за поставување на времени објекти во општина Охрид, донесени од Советот на општина Охрид.

**Член 3**

Доделувањето на правото за поставување на урбана опрема и времени објекти на подрачјето на општина Охрид ќе се врши по пат на објавување на јавни огласи за добивање право за поставување на урбана опрема и времени објекти на подрачјето на општина Охрид.

Огласите ги распишува Градоначалникот на општина Охрид и објавува во „Службен весник на РСМ”, официјалната ВЕБ страна на општина Охрид и во најмалку два дневни весници, од кои еден на албански јазик.

Урбаната опрема од Член 5 Точка I став 1, 6, 7, 8 и 9, Член 5 Точка IV став 2 и Член 5 Точка VI од оваа Одлука се отстапува на ЈП Градски пазар, без надоместок.

Целокупната постапка за издавање на оваа урбана опрема ќе ја спроведува ЈП Градски пазар под условите и цените утврдени во оваа одлука согласно закон.

**Член 4**

Огласите од член 3 на оваа Одлука, особено треба да ги содржи следните податоци:

1. Податоци за субјектот кој го распишува огласот;
2. Назначување на локациите за кои се врши доделувањето;
3. Време за кое се доделува правото за поставување на урбана опрема и времени објекти на подрачјето на општина Охрид;
4. Почетна цена за добивање право за поставување на урбана опрема и времени објекти на подрачјето на општина Охрид;
5. Висина на депозитот за право на учество на јавното електронско надавање;
6. Содржина и прилози на понудите;
7. Рок за поднесување на понудите;
8. Ден, час и место на отворање на понудите.

**Член 5**

Почетната цена за јавно електронско надавање за урбана опрема и времени објекти се определува на следниот начин и тоа:

I. За поставување на урбана опрема со јавно наддавање:

1. За поставување урбана опрема за продажба на сувенири на унифицирани тезги со димензии 2.00 м. x 1.00 м. почетната цена изнесува 3.000,00 денари месечно;

2. За издавање простор за поставување фрижидери за продажба на сладолед, почетната цена изнесува 5.000,00 денари месечно по локација, а на една локација можат да се постават 2 (два) стандардни фрижидери;

3. За издавање простор за продажба на уметнички слики, почетната цена изнесува 8.000,00 денари месечно;

4. За издавање простор за продажба на книги поставени на типска опрема од 4 м2, почетната цена изнесува 8.000,00 денари месечно;

5. За користење површини за организирање забава во затворен простор, почетната цена изнесува 9.000,00 денари по објект месечно (Балони);

6. За користење површини за поставување на покриени и непокриени шанкови, почетната цена изнесува 1.500,00 денари по м2 месечно;

7.За користење површини за поставување на покриени и непокриени шанкови со локации, почетната цена за поставување на урбана опрема изнесува:

-ПРВА ЗОНА 900,00 денари по $м^2$ годишно.

-ВТОРА ЗОНА 500,00 денари $м^2$ годишно.

8. За поставување урбана опрема за продажба на храна и сувенири (типизирани тезги), почетната цена по локација со површини изнесува:

-За површина од 4 м2 почетната цена изнесува 8.000,00 денари;

- За површина од 2,20 м2 почетната цена изнесува 5.000,00 денари.

9. За поставување подвижна урбана опрема цената изнесува 5.000,00 денари за м2 месечно.

II. За користење на простор за поставување урбана опрема маси и столови пред угостителски објекти со непосредна спогодба предвидени се три зони во графичките прилози на Програмата и тоа:

1. Зона „А” за која закупнината изнесува 300,00 денари по м2 месечно за периодот од 01.05.2024 година до 31.10.2024 година, а 150,00 денари по м2 месечно за периодот од 01.01.2024 година до 30.04.2024 година и од 01.11.2024 година до 31.12.2024 година;

2. Зона „Б” за која закупнината изнесува 250,00 денари по м2 месечно за периодот од 01.05.2024 година до 31.10.2024 година, а 150,00 денари по м2 месечно за периодот од 01.01.2024 година до 30.04.2024 година и од 01.11.2024 година до 31.12.2024 година;

3. Зона „В” за сите останати локации надвор од зона „А” и зона „Б”, за која закупнината изнесува 150,00 денари месечно.

III. За користење на простор за поставување урбана опрема пред деловен простор со непосредна спогодба предвидени се три зони во графичките прилози на Програмата и тоа:

1. Зона „А” за која закупнината изнесува 300,00 денари по м2 месечно.

2. Зона „Б” за која закупнината изнесува 250,00 денари по м2 месечно.

3. Зона „В” за сите останати локации надвор од зона „А” и зона „Б”, за која закупнината изнесува 150,00 денари месечно.

IV.За користење површини за поставување на урбана опрема за комерцијана и културна презентација цената изнесува:

1.За користење површини за поставување урбана опрема за комерцијална презентација, закупнината изнесува: 1.000,00 денари по м2 дневно за површина до 5 м2; 750,00 денари по м2 дневно за површина до 100 м2 и 500,00 денари по м2 дневно за површина над 100 м2.

2.За користење површини за поставување урбана опрема за културна презентација, цената изнесува: 100,00 денари по м2 дневно до 5 м2; 75,00 денари по м2 дневно за површина до 100 м2 и 50,00 денари за површина над 100 м2 дневно.

V.За користење површини за поставување на детски игралишта (забава на отворено), почетната цена изнесува 250,00 денари по м2 месечно;

VI. За користење површини за поставување урбана опрема – кафемати цената изнесува 2.000,00 денари месечно

VI.За користење на површини под времени објекти предвидени се три зони и закупнината изнесува:

1.Зона „А” закупнината изнесува 2.000,00 денари по м2 годишно;

2. Зона „Б” закупнината изнесува 1.000,00 денари по м2 годишно;

3. Зона „В” закупнината изнесува 500,00 денари по м2 годишно.

VII. Во цената за закуп не е опфатена комуналната такса.

**Член 6**

- Временскиот перод за поставување на урбаната опрема и времените објекти на подрачјето на општина Охрид утврдени во член 2 од оваа Одлука се определува за период од максимум 5 (пет) години, и тоа за поставување на урбана опрема за: Забава на отворен и затворен простор „Балони”; Автобуски постојки; Терени за фитнес; Покриени и непокриени шанкови; Телефонски говорници, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци; Јавни санитарни јазли; Детски игралишта; Рекреативно авантуристички парк; Рекламно Информативни паноа; Туристичко информативни центри; Културни инфо центри и информативни екрани; Велосипедски терминали; Банкомати и рампи и наплатни пунктови, и сето ова со право на продолжување, согласно член 38 и 39 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ” бр.15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016, 190/2016 и 275/2019).

- Договорите за користење на простор за поставување на маси и столови пред угостителски објекти и поставување урбана опрема пред деловен проестор ќе се склучуваат на период минимум 3 месеци, 6 месеци или за 9 месеци, со можност за продолжување за периодот за закуп од уште 3 месеци, додека договорите за поставување на урбана опрема за продажба на сувенири, поставување фрижидери за продажба на сладолед, продажба на уметнички слики и продажба на книги договорите ќе се склучуваат еднаш годишно за период од 3 месеци.

**Член 7**

Начинот и постапката за давање на земјиште под краткотраен закуп за поставување на урбана опрема и времени објекти, ќе се врши согласно одредбите од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ” бр.15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016, 190/2016 и 275/2019) **.**

**Член 8**

Урбаната опрема предмет на оваа Одлука, се поставува врз основа на добиено одобрение за поставување на урбана опрема.

Времените објекти предмет на оваа Одлука, се поставуваат врз основа на добиено одобрение за поставување на времени објекти.

Времените објекти поставени на територијата на општина Охрид пред 2005 година, по било кој основ да се задолжат со закупнина согласно член 5 став VI од оваа одлука, се до донесување на програмата за поставување на времени објекти, односно до реализација на урбанистички план.

**Член 9**

Со донесувањето на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката број 08-17370/42, донесена на ден 22.12.2022 година.

**Член 10**

Оваа Одлука стапува на сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид”.

**Број 08-4478/11** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**16.04.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОЧЕТНА ЦЕНА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА РЕКЛАМНИ ПАНОА - БИЛБОРДИ И ИНФОРМАТИВНИ ТАБЛИ НА КАНДЕЛАБРИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување на почетна цена за поставување на урбана опрема рекламни паноа - билборди и информативни табли на канделабри, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 16.04.2024 година.

**Број 09- 4478/28** **ОПШТИНА ОХРИД**
**16.04.2024 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ” бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид” бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 16.04.2024 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОЧЕТНА ЦЕНА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА РЕКЛАМНИ ПАНОА – БИЛБОРДИ И ИНФОРМАТИВНИ ТАБЛИ НА КАНДЕЛАБРИ**

**Член 1**

Со оваа одлуката се утврдува минималната почетната цена за поставување на урбана опрема рекламни паноа – билборди и информативни табли на канделабри на подрачјето на општина Охрид.

**Член 2**

Почетната цена за поставување на урбана опрема рекламни паноа – билборди и информативни табли на канделабри со површина над 6$м^2$ на подрачјето на општина Охрид изнесува 27.000,00 денари годишно.

Почетната цена за поставување на урбана опрема рекламни паноа – билборди и информативни табли на канделабри со површина до 1,2$м^2$ на подрачјето на општина Охрид изнесува 2.000,00 денари годишно.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува на сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид”.

**Број 08-4478/12**
**16.04.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА - ПОКРИЕНИ И НЕПОКРИЕНИ ШАНКОВИ СО ЛОКАЦИИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ 2024 - 2027 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за поставување урбана опрема - покриени и непокриени шанкови со локации на подрачјето на општина Охрид за периодот 2024 - 2027 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 16.04.2024 година.

**Број 09- 4478/29**
**16.04.2024 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02), член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), член 80 од Законот за градење („Службен весник на РМ“ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/ 11, 54/11 , 13/12, 144/13, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19, 18/20 , 279/20 и 227/22), а во врска со Програмата за поставување на урбана опрема во општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ број 03/24) и Одлуката за утврдување на почетна цена за поставување на урбана опрема - покриени и непокриени шанкови со локации бр.08-4478/12 од 16.04.2024г. („Службен гласник на општина Охрид“ бр.4/2024), Советот на општина Охрид, на седница одржана на ден 16.04.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА - ПОКРИЕНИ И НЕПОКРИЕНИ ШАНКОВИ СО ЛОКАЦИИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ 2024-2027**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува начинот за добивање право за поставување на урбаната опрема - покриени и непокриени шанкови со локации и временскиот период за нејзино поставување.

**Член 2**

Локациите и бројот на покриени и непокриени шанкови се утврдени согласно Програмата за поставување на урбана опрема во општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ број 03/24).

**Член 3**

Временскиот период за поставување на урбаната опрема по локации и број утврдени во член 2 од оваа Одлука се определува за период од 3 ( три ) години ( 2024-2027 ).

Доколку во горенаведениот период на локациите на кои ќе се поставува урбаната опрема се донесе посебна урбанистичка документација со друга намена, општина Охрид го задржува дискреционото право да пристапи кон раскинување на склучените Договори за условите и начинот на користење и одржување на добиените локации и пред истекот на периодот од 3 (три) години.

**Член 4**

Доделувањето на правото за поставување на покриени и непокриени шанкови со локации ќе се врши по пат на објавување на јавен оглас за добивање право за поставување на урбаната опрема.

Огласот го распишува Градоначалникот на општина Охрид и го објавува на официјалната ВЕБ страна на општина Охрид и во најмалку два дневни весници.

**Член 5**

Огласот од член 4 на оваа одлука, особено треба да ги содржи следните податоци:

1. Податоци за субјектот кој го распишува огласот;
2. Назначување на локациите за кои се врши доделувањето;
3. Време за кое се доделува правото за поставување на покриени и непокриени шанкови со локации;
4. Почетна цена за добивање право за поставување на покриени и непокриени шанкови со локации;
5. Висина на депозитот за право на учество на јавното електронско наддавање;
6. Содржина и прилози на понудите;
7. Рок за поднесување на понудите;
8. Ден, час и место на отворање на понудите.

**Член 6**

Почетната цена за јавно електронско надавање се определува согласно Одлуката за утврдување на почетна цена за поставување на урбана опрема - покриени и непокриени шанкови со локации бр.08-4478/12 од 16.04.2024г. („Службен гласник на општина Охрид“ бр.4/2024), донесена од страна на на Советот на општина Охрид.

**Член 7**

Депозитот за учество на јавното наддавање изнесува 20% од почетната цена утврдена за локациите за кои понудувачот доставил понуда на годишно ниво и истата треба да биде изразена во денари и се уплаќа на сметката на општина Охрид.

Комисијата по завршувањето на јавното наддавање, ќе го врати положениот депозит на оние учесници во наддавањето чии понуди не се прифатени, во рок од 15 дена од денот на завршувањето на јавното наддавање.

Доколку најповолниот понудувач се откаже од склучувањето на договорот ќе му се реализира депонираниот депозит.

**Член 8**

За најповолна понуда ќе се смета понудата со највисок износ на еднократниот надомест за стекнување на право за доделување на локациите за урбана опрема - покриени и непокриени шанкови.

**Член 9**

Постапката на отворање на понуди ја врши комисијата што ја формира Градоначалникот.

Комисијата се состои од Претседател и два члена и нивни заменици.

**Член 10**

За својата работа Комисијата изготвува извештај, со предлог за најповолен понудувач до Градоначалникот за секоја локација.

Градоначалникот ќе донесе решение за локации за поставување на урбана опрема -покриени и непокриени шанкови на подрачјето на општина Охрид за периодот 2024-2027.

**Член 11**

Помеѓу Градоначалникот и најповолниот понудувач се склучува Договор за условите и начинот на користење и одржување на добиените локации.

Понудувачот кој ќе го добие правото на поставување, покрај цената која е постигната со јавното електронско наддавање, должен е на сметката на општина Охрид да уплаќа и годишна комунална такса за секоја локација каде се поставува горенаведената урбана опрема во висина утврдена во одлуката за висина на комуналните такси на општина Охрид.

**Член 12**

Секој покриен и непокриен шанк со локација, на барање на најповолниот понудувач со претходно одобрен идеен проект, се поставува врз основа на Извод од програма за поставување урбана опрема и Одобрение издадено од Градоначалникот на општина Охрид.

**Член 13**

Оваа Одлука стапува на сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-4478/13**
**16.04.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА - РЕКЛАМНИ ПАНОА - БИЛБОРДИ И ИНФОРМАТИВНИ ТАБЛИ НА КАНДЕЛАБРИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ 2024 - 2029 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за поставување урбана опрема - рекламни паноа - билборди и информативни табли на канделабри на подрачјето на општина Охрид за периодот 2024 - 2029 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 16.04.2024 година.

**Број 09- 4478/30** **ОПШТИНА ОХРИД**
**16.04.2024 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02), член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/2007, 01/08, 10/10, 5/11, 9/14, 14/14 и 15/20), член 80 од Законот за градење („Сл.Весник на РМ“ бр.130/09...227/2022 ), а во врска со Програмата за поставување на урбана опрема во општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ број 03/24) и Одлуката за утврдување на почетна цена за поставување на рекламни паноа-билборди и информативни табли на канделабри бр. 08-4478/12 од 16.04.2024г. („Службен гласник на општина Охрид“ број 4/2024), Советот на општина Охрид, на седница одржана на ден 16.04.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА - РЕКЛАМНИ ПАНОА - БИЛБОРДИ И ИНФОРМАТИВНИ ТАБЛИ НА КАНДЕЛАБРИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ 2024-2029 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува: начинот за добивање право за поставување на рекламни паноа - билборди и информативни табли на канделабри на подрачјето на општина Охрид, временскиот период за нивно поставување и висината на надоместокот за поставување на рекламни паноа - билборди и информативни табли на канделабри.

**Член 2**

Локациите, типот и бројот на рекламните и информациони паноа се утврдени согласно Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на општина Охрид („Сл.Гласник на општина Охрид“ бр.03/24).

**Член 3**

Временскиот период за поставување на рекламни паноа - билборди и информативни табли на канделабри по локации, тип и број утврдени во член 2 од оваа Одлука се определува за период од 5 ( пет ) години ( 2024-2029 ).

**Член 4**

Доделувањето на правото за поставување на рекламните и информационите паноа ќе се врши по пат на објавување на јавен оглас за добивање право за поставување на рекламни паноа - билборди и информативни табли на канделабри.

Огласот го распишува Градоначалникот на општина Охрид и објавува во „Службен весник на Р.Македонија“, официјалната ВЕБ страна на општина Охрид и во најмалку два дневни весника, од кои еден на албански јазик.

**Член 5**

Огласот од член 4 на оваа одлука, особено треба да ги содржи следните податоци:

1. Податоци за субјектот кој го распишува огласот;
2. Назначување на локациите за кои се врши доделувањето;
3. Време за кое се доделува правото за поставување на рекламни и информациони паноа;
4. Почетна цена за добивање право за поставување на рекламни и информациони паноа;
5. Висина на депозитот за право на учество на јавното електронско наддавање;
6. Содржина и прилози на понудите;
7. Рок за поднесување на понудите;
8. Ден, час и место на отворање на понудите.

**Член 6**

Почетната цена за јавно електронско надавање се определува согласно Одлуката за утврдување на почетна цена за поставување на рекламни паноа - билборди и информативни табли на канделабри бр. 08-4478/12 од 16.04.2024г. („Службен гласник на општина Охрид“ број 4/2024), донесена од страна на на Советот на општина Охрид.

**Член 7**

Депозитот за учество на јавното наддавање изнесува 20% од почетната цена утврдена за локациите за кои понудувачот доставил понуда на годишно ниво, треба да биде изразена во денари и се уплаќа на сметката на општина Охрид.

Комисијата по зваршувањето на јавното наддавање, ќе го врати положениот депозит на оние учесници во наддавањето чии понуди не се прифатени, во рок од 15 дена од денот на завршувањето на јавното наддавање.

Доколку најповолниот понудувач се откаже од склучувањето на договорот ќе му се реализира депонираниот депозит.

**Член 8**

За најповолна понуда ќе се смета понудата со највисок износ на еднократниот надомест за стекнување на право за доделување на локации.

**Член 9**

Постапката на отворање на понуди ја врши комисијата што ја формира градоначалникот.

Комисијата се состои од Претседател и два члена и нивни заменици.

**Член 10**

За својата работа Комисијата изготвува извештај, со предлог за најповолен понудувач до градоначалникот.

Градоначалникот ќе донесе решение за доделување право за поставување на рекламни паноа - билборди и информативни табли на канделабри и ќе ги извести останатите учесници за резултатите од распределбата.

**Член 11**

Помеѓу Градоначалникот и најповолниот понудувач се склучува Договор за условите и начинот на користење и одржување на добиените локации.

Понудувачот кој ќе го добие правото на поставување, покрај цената која е постигната со јавното електронско наддавање, должен е на сметката на општина Охрид да уплаќа и годишна комунална такса за секоја локација каде се поставени рекламни паноа - билборди и информативни табли на канделабри, во висина утврдена во одлуката за висина на комуналните такси на општина Охрид, како и надоместок за потрошена електрична енергија доколку постави осветлување на истите.

**Член 12**

Секое рекламно и информационо пано, на барање на најповолниот понудувач со претходно одобрено идејно решение за изгледот, се поставува врз основа на Извод од програма за поставување урбана опрема и Одобрение издадено од Градоначалникот на општина Охрид.

**Член 13**

Оваа Одлука стапува на сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-4478/14** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**16.04.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2024 - 2026 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Програмата за измени и дополнувања на развојната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид за 2024 - 2026 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 16.04.2024 година.

**Број 09- 4478/31** **ОПШТИНА ОХРИД**
**16.04.2024 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата оддржана на ден 16.04.2024 година, ја донесе следната:

**П Р О Г Р А М А**

**ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2024-2026 ГОДИНА**

**Член 1**

Поради активностите на Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште во областа на донесување на урбанистичките планови и потребите на правни и физички лица се врши дополнување и изменување на Развојната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид 2024-2026 донесена од страна на Совет на општина Охрид со бр.08-18774/20 од 27.12.2023 год.

**Во делот IV-3**

- **По точка 6. Се додава точка 7, потточка 7.1**
- **после 23.1 се додава потточка 23.2**

| **IV-3. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
|---|---|---|
| **7** | **Урбан Блок 4.4** | |
| 7.1 | ДУП во УЗ 4 УБ 4.4 опфат 1 | Прив. иницијатива |

**Член 2**

Оваа Програма за измени и дополнување на Развојната Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-4478/15**
**16.04.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ - ДУП ЗА УЗ 12, УБ 12.3-ОПФАТ 2, ОПШТИНА ОХРИД, 2022 - 2027**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување Нацрт - ДУП за УЗ 12, УБ 12.3-опфат 2, Општина Охрид, 2022 - 2027, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 16.04.2024 година.

**Број 09- 4478/32** **ОПШТИНА ОХРИД**
**16.04.2024 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 11, 22, 24 став (2) и член 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.51/05, 137/07, 91/09, 12/10, 18/11, 53,11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14), член 123 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), и член 93 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр.32/20 и 111/23), член 22 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 16.04.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 12, УБ 12.3 - ОПФАТ 2, ОПШТИНА ОХРИД 2022-2027**

**Член 1**

Се утврдува Нацрт - ДУП за УЗ 12, УБ 12.3-опфат 2, Општина Охрид, 2022-2027, со тех.бр. 74/21-22 од јануари 2024, бр. на постапка на електронскиот систем е-урбанизам 47102.

**Член 2**

Површината на планскиот опфат на ДУП за УЗ 12, УБ 12.3-опфат 2, општина Охрид, 2022-2027, изнесува 1**,09 ха**.

Границата на Деталниот урбанистички план за УЗ 12, УБ 12.3-опфат 2, Општина Охрид е:

- **ул. „Болничка“ (сервисна улица),**
- **ул. „Новопланирана 1-а“ (станбена улица),**
- **ул. „Новопланирана 2-а“ (станбена улица),**
- **ул. „Новопланирана 3-а“ (станбена улица).**

**Член 3**

Нацрт Деталниот урбанистички план за УЗ 12, УБ 12.3-опфат 2, Општина Охрид, 2022-2027, со технички број 74/21-22 од јануари 2024, изработен е од: ДПУП „Пологпроект – ПРО“ доо Гостивар содржи:

- графички прилог – Синтезен план – PDF формат и
- Позитивно мислење бр. 19-699/5 од 09.04.2024 година.

**Член 4**

Нацрт Деталниот урбанистички план за УЗ , УБ 12.3-опфат 2, Општина Охрид, 2022-2027 се заверува со печат и потпис на претседателот на Советот на општина Охрид.

**Член 5**

Нацрт Деталниот урбанистички план за УЗ, УБ 12.3-опфат 2, Општина Охрид, 2022-2027 се чува, следи и реализира во Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-4478/16** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**16.04.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ТЕХНИЧКА ИСПРАВКА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН УРБАНА ЗАЕДНИЦА 8 УРБАН БЛОК 8.2 - ОХРИД, ОПШТИНА ОХРИД, ЗА ГП 11.3 НА КП 11395/1 ВО КО ОХРИД 2 / УЕ 8 УБ 8.2 - ОХРИД / БЛОК 11, ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за донесување техничка исправка на Детален урбанистички план Урбана заедница 8 Урбан Блок 8.2 - Охрид, Општина Охрид, за ГП 11.3 на КП 11395/1 во КО Охрид 2 / УЕ 8 УБ 8.2 - Охрид / Блок 11, Општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 16.04.2024 година.

**Број 09- 4478/33** **ОПШТИНА ОХРИД**
**16.04.2024 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 2 и став 6 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“ бр.32/2020), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 16.04.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКА ИСПРАВКА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН УРБАНА ЗАЕДНИЦА 8 УРБАН БЛОК 8.2 – ОХРИД, ОПШТИНА ОХРИД, ЗА ГП 11.3 НА КП 11395/1 ВО КО ОХРИД 2 / УЕ 8 УБ 8.2 – ОХРИД / БЛОК 11, ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Се донесува техничка исправка на деталeн Урбанистички план Урбана заедница 8 Урбан Блок 8.2 – Охрид, Општина Охрид, за ГП 11.3 на КП 11395/1 во КО Охрид 2 / УЕ 8 УБ 8.2 – Охрид / Блок 11, Општина Охрид (Одлука бр. 07-472/5 од 26.02.2009 год.), изработена од страна на Друштво за градежништво, трговија и услуги „НИМАЕР“ ДООЕЛ Струга, со техн. Бр. 03-86/24, март 2024 година, од системот е-урбанизам како број на постапка 60807.

**Член 2**

Во системот е-урбанизам аплицирана е следната документација:

- Предлог за Техничка исправка со техн.бр. 03-86/24, март 2024
- Позитивно мислење за Предлогот за техничка исправка од Комисија за урбанизам, бр.19-3809/2 од 28.03.2024 год.

**Член 3**

Комисијата за урбанизам дава позитивно мислење за усвојување на техничка исправка на деталeн Урбанистички план Урбана заедница 8 Урбан Блок 8.2 – Охрид, Општина Охрид, за ГП 11.3 на КП 11395/1 во КО Охрид 2 / УЕ 8 УБ 8.2 – Охрид / Блок 11, Општина Охрид, и истата ја доставува на донесување до Советот на општина Охрид.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во ,,Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-4478/17** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**16.04.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ПРОМЕНА НА ГРАНИЦАТА НА ГП 6.5, ГП 6.6 И ГП 6.7 ВО ДУП ЗА УЗ 10 И УЗ 11, УБ 10.4 И УБ 11.1 ВЛАШКА МААЛА И ГРАДИНАР, ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за донесување урбанистички проект со план за парцелација за промена на границата на ГП 6.5, ГП 6.6 и ГП 6.7 во ДУП за УЗ 10 и УЗ 11, УБ 10.4 и УБ 11.1 Влашка Маала и Градинар, општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 16.04.2024 година.

**Број 09- 4478/34**
**16.04.2024 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 63 став 9 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“ бр.32/2020 и 111/23), Прирачник за начинот на водење на постапката за изготвување и одобрување на урбанистички проект со план за парцелација од Министерство за транспорт и врски бр.24-6836/1 од 15.10.2021, член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 16.04.2024, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ПРОМЕНА НА ГРАНИЦАТА НА ГП 6.5, ГП 6.6 И ГП 6.7 ВО ДУП ЗА УЗ 10 И УЗ 11, УБ 10.4 И 11.1 ВЛАШКА МААЛА И ГРАДИНАР, ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Се донесува урбанистички проект со план за парцелација за промена на границата на ГП 6.5, ГП 6.6 и ГП 6.7 во ДУП за УЗ 10 и УЗ 11, УБ 10.4 и УБ 11.1 Влашка Маала и Градинар, општина Охрид, со тех.бр. 09/23 од јануари 2024, изработен од Друштво за проектирање и градба „СНЕГАР Компани“, дооел Охрид, од системот е-урбанизам како број на постапка 54390.

**Член 2**

Во системот е-урбанизам аплицирана е следната документација:

- Урбанистички проект со план за парцелација – електронски формат, PDF верзија
- План за парцелација - тех.бр.09/23 од јануари 2024,
- Позитивно мислење бр. 19-4349/1 од 05.04.2024 год.

**Член 3**

Комисијата за урбанизам дава Позитивно мислење и го достави Урбанистичкиот проект со план за парцелација до Советот на општината за Одлука за донесување на план за парцелација.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл. гласник на општина Охрид“.

**Број 08-4478/18**
**16.04.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ГП 3.71, ГП 3.72 И ГП 3.73 ВО ДУП ЗА 6-ТА УРБАНА ЗАЕДНИЦА, УБ 6.2 ОПФАТ 1 ВО КО ОХРИД 2, ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за донесување урбанистички проект со план за парцелација за ГП 3.71, ГП 3.72 и ГП 3.73 во ДУП за 6-та Урбана заедница, УБ 6.2 опфат 1 во КО Охрид 2, општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 16.04.2024 година.

**Број 09- 4478/35**
**16.04.2024 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 63 став 9 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“ бр.32/2020 и 111/23), Прирачник за начинот на водење на постапката за изготвување и одобрување на урбанистички проект со план за парцелација од Министерство за транспорт и врски бр.24-6836/1 од 15.10.2021, член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 16.04.2024, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ГП 3.71, ГП 3.72 И ГП 3.73 ВО ДУП ЗА 6-ТА УЗ, УБ 6.2 ОПФАТ 1 ВО КО ОХРИД 2, ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Се донесува урбанистички проект со план за парцелација за ГП 3.71, ГП 3.72 и ГП 3.73 во ДУП за 6-та Урбана заедница, УБ 6.2 опфат 1 во КО Охрид 2, општина Охрид, со тех.бр. 15/23 од февруари 2024, изработен од „НЈУ ВИЖЕН“ – доо Охрид, од системот е-урбанизам како број на постапка 56622.

**Член 2**

Во системот е-урбанизам аплицирана е следната документација:

- Урбанистички проект со план за парцелација,
- План за парцелација - тех.бр.15/23 од Февруари 2024,
- Позитивно мислење бр. 19-3032/1 од 16.03.2024 год.

**Член 3**

Комисијата за урбанизам дава Позитивно мислење и го достави Урбанистичкиот проект со план за парцелација до Советот на општината за Одлука за донесување на план за парцелација.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл. гласник на општина Охрид“.

**Број 08-4478/19**
**16.04.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

**ЈАВНА ОБЈАВА**

Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште на општина Охрид, објавува дека врз основа на член 58 став 2 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/ 11, 54/11 , 13/12, 144/13, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19, 18/20 ,279/20 и 111/23), а решавајќи по барањето Уп.1 бр. 20 - 562 од 06.06.2023 год. На инвеститорот Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор од значење на Републиката –Скопје со седиште на Ул.Орце Николов бр.138 Скопје, му издаде Одобрение за градба Уп1бр.20-562 од 31.01.2024 год. на станбена зграда -А2 градба од Втора категорија, катност Пр+5К на Г.П.7.11 согласно ЛУПД за дел од ДУП 8 во УЗ , Блок 8.2 општина Охрид, донесен со Одлука бр.07-999/34 од 07.05.2020 год.

Согласно член 62- а од Законот за градење обврзани сме да ги известиме и непосредните соседи за издадените одобренија.

Од податоците добиени од АКН Охрид како соседи на локацијата се јавуваат и лицата: Љупчо Каранфиловски со адреса на Ул.Дихово бр.бб Битола, Боро Чурлинов со адреса на Ул.Мирче Ацев бр.1-2 Охрид, Изет Веселоски со адреса на Ул.Асном бр.4 Охрид и Марија Петковска со адреса на Бул.Јане Сандански бр.76 Скопје , но известувањата се вратија од пошта со назнаки: умрен, непозната и недоволна адреса.

Врз основа на горенаведеното ја правиме оваа јавна објава со цел запознавање со издаденото одобрение за градба на непосредните соседи чие известување не беше

уредно доставено. Истите или нивни застапници по закон во наредните 15 денови од објавата може да извршат увид во предметот или да изјават Жалба против издаденото одобрение до Министерството за транспорт и врски.

Доколку во горенаведениот рок не се јавите или не назначите полномошник, ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните последици ќе ги сносите сами.

**Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште**
**Помошник Раководител на Сектор**
**Кирил Илоски ,с.р.**